Овие редови се моето
излагање во врска со 45 годиш-
нината од формирањето на Третата
македонска ударна бригада во
чии состав влезе и баталјонот
Стив Наумов.

26.2.1989

Тант

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
РЕСЕН
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор

Другарки и другари

На дваесет и шести февруари пред 45 години, во стројот, во дворот на училиштето во село Жељане, од трите баталјони прекалени борци, едниот беше баталјонот Стив Наумов. Тој баталјон, еден од првите баталјони формирани 1943. година, тукушто стигна од Егејска Македонија, е формиран на 11. ноември 1943. година со наредба на Главниот штаб на Народно - ослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија.

Наредбата за формирање на баталјонот Стив Наумов под број 18 од 11. ноември 1943. година, во својата содржина, покрај општите цели и задачите што претстојуваат пред Народно - ослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија, содржеше и 10 точки конкретни задачи и упатства. Ќе кажам само за содржината на неколку од нив.

Прва точка: Од одредите Гоце Делчев и Даме Груев што дејствуваат во Битолско и Преспа, да се формира еден баталјон кој ќе го носи името на Стеван Наумов-Стив. Како што е познато Стив беше политички комесар на Оперативниот штаб на Македонија, кој загина на 12. септември 1942. година, заедно со Мите Богоевски кај село Болно - Преспа, во борбата против бугарската фашистичка војска и полиција.

Втора точка: За заменик командат на баталјон се постави другарот Васко Каранѓелевски кој до понатамошната наредба ќе ја врши должноста на командант на баталјонот. Како што е познато, по пристигнувањето на Првата Македонско-Косовска бригада во Преспанскиот дел на Егејска Македонија и при една мала реорганизација на некои единици, група борци од баталјонот Мирче Ацев со нивниот командант Наум Василевски-Овчарот, веќе прочуен, доваѓаат во баталјонот Стив Наумов и тогаш командантот на баталјонот станува Овчарот, а Васко и натаму останува заменик командант на баталјонот.

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ • РЕСЕН • на Социјалистичка Република Македонија Општински одбор



Трета точка: Штабот на баталјонот да изврши свечено предавање на баталјонското знаме и свечено да се формира баталјонот. Овој чин беше одбележен со неизмерна радост на борците и народот кој со восхитување го пратеше овој настан.

Шеста точка: Штабот на баталјонот да изврши полагање заклетва на сите другари партизани кои тоа до сега не го сториле. Повеќето имале дадено заклетва уште при стапувањето во одредите, но некои тоа не успеале бидејќи одредите се движеле, та тоа беше оставено за некој престој.

Седма точка: Штабот на баталјонот да изврши предавање (произведување) на чинови предвидени со наредбата на Главниот штаб. Како што знаете чиновите беа направени од црвена чоја со петокрака ѕвезда над ознаката.

Деввета точка: Штабот на баталјонот во прва прилика да изврши специјално обучување со раководниот воен и политички кадар како и општа обука со целиот баталјон.

Се сеќавам колкаво значение и даваше на оваа задача другарот Васко. Со колку жар и умеење ја спроведуваше оваа задача. Секој ден, за време додека се наоѓавме во село Герман, по околните ритчиња баталјонот изведуваше обука. Доминираше тактичката обука по одделенијата и четите, во правецот на претпоставениот непријател.

Десета точка: Оваа наредба да се прочита пред стројот на сите партизани за време на формирањето на баталјонот.

За Главниот штаб на Народноослободителните
војски и партизанските одреди на Македонија
Полит.комесар „Ибрин"

Ова, „Ибрин", му беше псевдоним на другарот Цветко Узуновски, кој го донесе од Шпанската граѓанска војна како учесник на таа војна.

./.

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
Ресен



Вакви настани, формирање на баталјони и бригади беа инспирација на нашите борци поети и композитори, да ги испеат и создадат мелодиите како што е онаа „Не одред, но војска на Тито сме ние". Дали се сеќавате.

Баталјонот го сочинуваа воглавно борците од Битола и неговата околија, посебно од селата под Пелистер: Лафци, Брусник, Диово, Канино, Велушина, Бистрица и други, како и од Преспа. Но, имало борци и од други краишта од Дебарца, Крушево, Прилеп, како и од Егејска Македонија.

И уште ова. Социјалниот состав на борците на баталјонот Стив Наумов му даваше пролетерски печат. Ова и заради тоа што голем број борци беа работници, потоа учесници, сиромашни селани. И тие воглавно беа членови на КПЈ, Скоевци и членови на НОМС, чиј прв конгрес се одржа во село Фуштани во Караџова, Егејска Македонија.

Баталјонот Стив Наумов беше составен од борците што од почетокот на Народноослободителната војна на Македонскиот народ влегоа во неа и се бореа против сите фашистички окупаторски сили, германски, талијански, балистички, и низ таа борба, ги создаваше првите слободни територии на јужниот дел на Југословенското боиште, како што се слободните територии Дебарца, Преспа и Караџово.

Тие беа соборци на народните херои Стив Наумов, Мите Богоевски, Јосип Јосифовски-Свештарот, Елпида Караманди-Бисера, Вангел Тодоровски-Мајорот, Божиновски Пецо-Кочо, Игневски Илија-Цветан, Перка, Ванчо, Сермено, како и на Васко Карангеловски, Фана Кочовска, Естереја Овадија, Мара, воедно и третобригадирци.

Баталјонот Стив Наумов од своето формирање, помина низ многубројни борби и жестоки окршаји со непријателот, вложувајќи надчовечки напори, преку Пелистер и планината Трикалон, Кајмакчалан и Кожуф, Пајак и Круша Планина, Лерински, Магленско и Солунско поле, преку реката Вардар во Егејска Ма-

Сојуз на здружениата на борците од НОВ на Социјалистичка Република Македонија Општински одбор Ресен



кедонија. А потоа, преку Беласица, Огражден, Плачковица и Брегалница, Осогово и Крива Река: „Низ планини стрмни, низ бурите снежни", кога Стив Наумов беше пред нив како штит, како рече поетот нашиот соборец, за да стигнеме до Козјак до соборците на легендарниот Карпуш и заедно со нив влезе во состав на Третата Македонска ударна бригада, со кој Карпушовата злоба ќе тече во нашите жили за бригадата наша да стане како чекан свит, како неа ја виде пак нашиот поет, од чии стихови нашиот соборец Панче Пешев ќе искомпонира Марш на Третата Македонска ударна бригада.

Во баталјонот Стив Наумов многу и се пееше. Пред борба и после борба. Стари песни од револуционерното минато на Македонскиот народ и оние што настануваа во екот на Народноослободителната борба и револуцијата, од она „Денес над Македонија се раѓа" до „А бре Македонче". Во баталјонот Стив Наумов секогаш цвркуташе прочуеното „Врапче" преку кое се искажуваше сѐ она што стануваше во баталјонот, но и пошироко во борбата. Тоа беше еден вид, така да кажам, критика и самокритика низ пеење, ама и директни и индиректни алузии со кои му се закануваше на непријателот или се правеа смешки на негова сметка. Не знам дали се сеќавате и за она што му се припишуваше на Ганчо, Бугарите, кој лут што ништо не му успеваше, не пцуеше: „Мамката македонска, направиха и војска". Се сеќавате ли, некои другарки и другари, во поглед на целите, борбениот пат и сѐ она што ја правеше нашата борба, подеднакво се однесува и за двата Кумановски баталјони кои ја носеа славата на борбите на Козјак, Дренак, Биљача и Пелинце и така со ред, со кои се здруживме и влеговме во една бригада, која ќе ја продолжи славата на трите баталјони и на целата наша Народноослободителна војска.

И на крајот дозволете ми, од еден мој поголем состав, само со неколку кратки реченици да кажам за чинот на формирањето на нашата Трета Македонска ударна бригада, чија 45-та годишнина ја одбележуваме денес.

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ на Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

Еве :

На 26., утрината рано,
пред школото старо, во големиот двор,
борците во журба се редеа во строј
и гордо гледаа во командантот свој.

Девет чети спремни во баталјони три
со нетрпение очекуваа што ќе настани.
И поправо во тој миг командантот излезе на чело
и тргна кон трибината со чекори смело.

Петстотини борци ние сме во строј
и сите спремни да влеземе во бој
за слобода на народот свој,
громко рапортира тој.

Тогаш од трибината, другарот рапортот што го прими,
на командантот и на борците вака им отпоздрави:
Другари борци стари, на Карпуш и Стив другари,
еве за вас и вашата борба овие подари:
Знаме ова црвено и со петокрака
гордо да се вие во вашата рака,
и од името на Тито и нашиот Цека
вие сте од денес Македонска Трета.

Таип Таипи

26.2.1989
Белград